

DISCOVER

ITS BEAUTY

ОТКРИЈТЕ

ЈА НЕГОВАТА УБАВИНА

III Дел

# Азбука на исламот

ДР. НАЏИ ИБРАХИМ



Исламот нè учи дека патот кон среќен, исполнет и вечен живот е преку верувањето во Аллах, Единствениот вистински Бог, и во следењето на Неговиот последен Пратеник Мухамед.

Исламот исто така ни кажува дека самото верување во Бог и Неговите Пратеници и Веровесници не е доволно за да се постигне спокојство на умот, среќата и спасението!

Ние исто така треба да ја извршуваме Аллаховата волја, со тоа што САМО Него ќе го обожуваме, ќе се покоруваме на Неговите заповеди и ќе правиме добри дела.

Понатаму, Аллах нè известува во Куранот за прошката, наградата и Рајот што ги подготвил за оние кои веруваат и прават добри дела:

- ***А тие што ќе веруваат и што ќе прават добри дела – тие ќе бидат жители на Рајот и во него вечно ќе престојуваат.*** (2:82)
- ***На тие што ќе веруваат и што добри дела ќе чинат, Аллах им ветува прошка и награда голема.*** (5:9)
- ***На тие што ќе веруваат и што добри дела ќе прават – градините на Рајот гостопримство ќе им бидат.*** (18:107)



# Значењето на исламот

Ислам значи покорување на Волјата на Аллах, Единствениот вистински Бог. Затоа, верувањето во Единството на Бога **(Тевхид)**, обожувањето Негово, покорувањето на Неговите заповеди и покорувањето на Неговата волја се суштината на Божјата порака испратена до сите Негови Пратеници и Веровесници. Овој збор *„покорност“* е значењето на арапскиот збор *„ислам“*.

Бидејќи сите Пратеници и Веровесници на Аллах (Бог) ја проповедале истата порака, нивната религија мора да е иста! Куранот потврдува дека „исламот“ **(покорност на Бога)** е вистинската религија на Адам и Ева и нивните потомци до Судниот ден. Куранот вели:

- ***За Аллах единствено исламот (покорност на Бога) е вистинска вера.*** (3:19)

- ***Кажи: „Аллаховото упатство е Вистинско упатство, и нам ни е наредено на Господарот на световите да Му се предадеме.“*** (6:71)

- ***Зарем покрај Аллаховата вера (исламот, покорноста на Бога) сакаат друга, а Нему, милум или силум Му се покоруваат и тие на небесата и тие на Земјата и Нему ќе Му бидат вратени?*** (3:83)



- ***Кажете: „Ние веруваме во Аллах, и во тоа што ни се објавува, и во тоа што му беше објавено на Ибрахим (Авраам), и на Исмаил (Ишмаел), и на Исхак (Исак), и на Јакуб (Јаков), и на внуците; и во тоа што му е дадено на Муса (Мојсеј), и на Иса (Исус), и во тоа што им е дадено на веровесниците од Господарот нивен; ние не правиме никаква разлика меѓу нив и ние само Нему Му се покоруваме.“*** (2:136)

Интересно е што значењето на исламот може да се најде и во Библијата која вели:

- ***Покори Му се Нему – и ќе бидеш спокоен; преку тоа ќе ти дојде доброто.*** (Јов, 22:21)
- ***Па затоа, покорете Му се на Бога.*** (Послание на Јаков, 4:7)

Слично на учењето на исламот, кое ни кажува дека верувањето во Бога, без да правиме добри и праведни дела, не е доволно за да ни обезбеди спасение и вечен живот (Рај), Библијата ни кажува:

- ***Јас, Господ, проникнувам во срцето и ја испитувам внатрешноста, за да му дадам на секого според патот негов и според плодовите на делата негови.***

(Еремија 17:10)

- ***Гледате ли дека човекот се оправдува со дела, а не само со вера… Зашто, како што е телото без дух мртво, така и верата без дела е мртва.*** (Послание на Јаков, 2:24-26)



Навистина, муслиманите покрај тоа што веруваат во Аллах (Единствениот вистински Бог), тие прават и добри дела.
Тие се потчинуваат на заповедите на кои Исус, Мухамед и сите Пратеници поучувале и им се потчинувале, како што е верувањето во Единствениот вистински Бог, клањањето, коленичењето, поклонувањето при обожувањето, постот, давањето подароци и милостина, кажувањето „Ако даде Бог“ ***(иншаллах)*** за нешто во иднината и користењето на поздравот на Исус и другите Пратеници: „Мир со тебе“ ***(Еселаму алејкум)***.

Ова се само неколку примери и докази кои јасно ја покажуваат вистината, единството и универзалноста на оваа величествена и убава религија на Пратениците на Аллах: ***„Исламот“ (покорност на Бога)***.

Во практика, муслиманот или личноста која сака да го прифати исламот мора да верува во темелите на исламот.

# ВЕРУВАЊЕ ВО АЛЛАХ

## Единствениот вистински Бог



**1. Верувањето во Аллах (Бог)** – во Неговото постоење, Неговата Единственост (на арапски, Тевхид), Неговото Господарство, Неговите уникатни имиња и атрибути, но и дека Тој е единствениот кој заслужува обожување.

Благородниот Куран и Пратеникот Мухамед нѐ поучиле со имињата и атрибутите на Аллах, Единствениот вистински Бог. Никогаш не можеме целосно да ја разбереме величината на Аллах, но колку повеќе знаеме за Него, толку повеќе и подобро можеме да Го сакаме и да Му се потчинуваме.

Ова се само некои од Неговите имиња и атрибути: ***Аллах*** (соодветното име за Бог), ***Господарот, Единствениот вистински Бог, Сомилосниот, Милостивиот, Создателот, Суверениот Господар, Светиот, Чистиот, Благословениот, Изворот на мир и совршенство, Судијата, Сезнајниот, Оној којшто гледа сѐ, Оној којшто слуша сѐ, Големиот, Оној којшто проституа сѐ, Највисокиот, Возвишениот, Оној којшто љуби, Најљубезниот, Обезбедувачот, Вистинитиот***.

Пратеникот Мухамед (Божиот мир и благослов нека бидат над него) кажал: ***„Апсолутната убавина и совршеност му припаѓаат само на Аллах. Навистина Аллах ја сака убавината.“***



**2. Верување во Божјите ангели,** кои Тој ги создал за да Му се покоруваат преку извршувањето на Неговите заповеди.

**3. Верувањето во Божјите откровенија,** вклучувајќи ги и автентичните Божји зборови објавени на Авраам, Давид, Мојсеј и Исус. Благородниот Куран е последната, чиста и автентична Божја Реч, која му била објавена на Пратеникот Мухамед.

**4. Верувањето во сите Аллахови Пратеници и Веровесници,** вклучувајќи ги и Адам, Ное, Авраам, Мојсеј, Јован Крстителот, Исус и Мухамед. Всушност, муслиманот не може да биде вистински верник ако тој или таа не верува во Мојсеј и Исус (и сите други) како Пратеници испратени од Аллах, Единствениот вистински Бог, Создателот.

**5. Верување во Последниот ден,** Судниот ден и одговорноста. На тој ден, Аллах ќе му суди на целото човештво според нивното верување во Него и според нивните дела.

По Божјиот суд, оние кои верувале во Аллах и кои правеле добри дела – тие ќе бидат прифатени во среќен, вечен живот во Рајот, додека оние кои не сакале да веруваат во Аллах, не правеле добри дела и не се покорувале на Божјите заповеди ќе бидат фрлени во Пеколот. (Бог нека нè сочува од Пеколот и нека ни подари вечен живот во Рајот.)



**6. Верување во Божјата одредба** која ја раководи Аллах и верување во Неговото целосно познавање на сите нешта.

Кога верниците веруваат во Аллах, тие се задоволни, исполнети и го прифаќаат тоа што Аллах го одредил за нив, без разлика дали е добро или лошо во нивните очи. Тие се обидуваат да не очајуваат и да не бидат депресивни, безнадежни или депримирани кога се појавуваат кризи или тешки искушенија. Наместо тоа, тие се обидуваат да ја подобрат својата ситуација и веднаш се свртуваат кон Аллах за помош, поддршка и награда.

Оваа убава верба во Аллах и Неговата одредба им носи на муслиманите спокоен ум и задоволство, и покрај сите несреќи и тешкотии коишто им се случуваат; агресијата, инвазијата, окупацијата и искористувањето на нивната земја, нафтата и богатството, неправдите, пристрасноста, дискриминацијата и клеветите со кои се соочуваат и поради кои страдаат.



# Петте столба на исламот

Исламот нѐ учи да ја применуваме оваа вера во практика. И покрај тоа што прават добри, општо речено, муслиманите и оние кои сакаат да преминат во исламот мора да ги практикуваат овие пет основни столбови на исламот:

**1. *Сведоштвото на верата* (шехадетот)**

**Сведоштвото гласи вака: „Сведочам дека нема друг вистински бог освен Аллах, и сведочам дека е Мухамед Пратеникот на Аллах.“**

На арапски тоа звучи вака:

**ЕШ-ХЕДУ ЕН ЛА ИЛАХЕ ИЛЛАЛЛАХ, ВЕ ЕШ-ХЕДУ ЕННЕ МУХАММЕДЕН РЕСУЛУЛЛАХ**

Ова едноставно сведоштво е преминот кон исламот.





## 2. *Молитвата* (намазот)

Извршувањето на петте дневни, задолжителни молитви. Овие ритуални молитви вклучуваат: стоење, поклонување и паѓање ничкум; рецитирање на стихови од Куранот; славење и сеќавање на Аллах и барање на Неговата милост, прошка и Рајот.

Убавината и моќта на молитвата ни носи духовен раст, утеха и поддршка на душата, како и олеснување, спокојство и задоволство за нашите души, умови и срца. Начинот на којшто се подредуваат молитвите во текот на денот и ноќта значи дека секогаш се сеќаваме и го славиме Аллах (Бог).

Она што ја прави молитвата уште поубава е фактот дека сите Божји Пратеници – вклучувајќи ги и Адам, Ное, Авраам, Мојсеј, Исус и Мухамед исто така се мoлеле и го обожувале истиот Единствен вистински Бог – Аллах. Со други зборови, муслиманите ги следат стапките на овие Пратеници и Веровесници на Бога.

Покрај тоа, многу други убави концепти во молитвата, како што се љубовта Божја, покорноста и посветеноста на Него, молбата, единството, еднаквоста, искреноста, трпението, смиреноста и нежноста се манифестираат и можат да се научат во текот на молитвата.

Навистина, искрената молитва, зикрот (сеќавањето на Бога), истигфарот (барање прошка) и довата (молбата) – само кон Аллах – се основните и најубавите клучеви за спокојството на умот и благословениот живот.



**3. *Милосрдието* (зеќатот)**

Зеќатот е задолжително давање одредена количина од своето богатство на сиромашните и на тие што имаат потреба. Тој ги прочистува нашите имоти и пари, а истовремено нè варди од алчноста и од скржавоста.

Милосрдието или зеќатот нè учи да се грижиме и да си помагаме, што неизбежно гради силни мостови на заемна љубов и почит помеѓу богатите и сиромашните. Навистина, тој негува поддршка, помош, соработка и солидарност на целото општество.





**4. *Пост* (саум)**

Постот значи воздржување од секаков вид храна и пијалаци, како и од брачниот интимен однос, од зори до зајдисонце за време на исламскиот месец рамазан. Некои од убавите придобивки и лекции коишто можеме да ги научиме од постот вклучуваат:

- **Духовни придобивки:** Ние развиваме побожност и искреност. Рамазанскиот месец на постот е одлична можност да ја добиеме Божјата милост и прошка, да се спасиме од Пеколот и да постигнеме вечен живот во Рајот.

- **Морални и емоционални придобивки:** Во училиштето наречено рамазански пост, ние го осознаваме и го доживуваме гладот кој милиони луѓе во различни делови на светот неволно го доживуваат. Ова нè инспирира да споделуваме и да помагаме, да сочувствуваме и да бидеме скромни, великодушни и љубезни.

- **Образовни придобивки:** Постот нè учи на многу лекции – гледаме дека е можно да се променат или да се напуштат лошите навики, на пример, прекумерната исхрана. Постот го дисциплинира нашето однесување и нè учи да бидеме трпеливи и воздржани. Покрај тоа, нè потсетува дека божјите пратеници како Мухамед, Мојсеј и Исус исто така постеле.

- **Здравствени придобивки:** Преку процесот на пост, телото се ослободува од токсините и од вишокот масти. Лекарите и нутриционистите често го препорачуваат постот, опишувајќи го како „уништувач на отпадоци“ и „лековита терапија“, како и лек за различни болести.



***5. Аџилак*** **(хаџ)**
Хаџот е аџилакот во Мека којшто секој муслиман мора да го изврши еднаш во својот живот, под услов да биде физички, ментално и финансиски способен да го направи тоа.

Како и со другите столбови и принципи на исламот, убавината, поуката и придобивките од аџилакот се многубројни. Милиони верници од сите бои и раси, од целиот свет, одговараат на повикот на Пратеникот Авраам, кој (заедно со неговата сопруга Агара и синот Ишмаел) се поврзани со многу обреди од аџилакот. Прекрасни принципи и концепти може да се видат на дело за време на аџилакот, вклучувајќи ги и: послушноста и покорноста кон Бога, братството и сестринството во исламот, единството, трпението, жртвата, молитвата, милосрдието и постот. Секоја година аџилакот е сведоштво и го претставува најголемиот и најуникатниот верски собир од ваков вид во целиот свет.

За време на оваа извонредна средба и спојување на сите раси и бои, обожувајќи го Единствениот Бог и следејќи само една порака, Малколм Икс и многу други ја откриле убавината на вистинската вера, исламското братство и сестринство и еднаквоста.

Малколм Икс кажал: **„Мојот аџилак ми ги прошири хоризонтите. Ме благослови со нови разбирања. Во текот на двете недели од моето време во Светата Земја, го видов она што никогаш не сум го видел во моите триесет и девет години овде во Америка. Ги видов сите раси, сите бои – синооки, русокоси и Африканци со црн тен – заедно во вистинско братство! Во единство! Живеат како еден! Го обожуваат Бог како еден!** (Автобиографија на Малколм Икс).

# Дефиниција на поважните имиња во исламот

**Аллах:** На арапски, Аллах е соодветното име за Единствениот вистински Бог, Создателот. Исламот учи дека Аллах е вистинскиот Бог на целото човештво. Евреите и Арапите христијани го користат ова име, Аллах, кога се однесува на Бог, и тоа е зборот кој се користи за Бог во Библијата на арапски јазик.

**Мухамед** (Божјиот мир нека биде над него): Последниот Пратеник на Единствениот вистински Бог, Аллах, Создателот, испратен за целото човештво.

**Благородниот Куран:** Последната Реч на Аллах, Единствениот вистински Бог, којашто му била објавена на Пратеникот Мухамед.

**Ислам:** Покорување на Волјата на Аллах, Единствениот вистински Бог.

**Муслиман:** Оној кој се покорува на Аллах, Единствениот вистински Бог и само Него го обожува.

**Џамија (месџид):** Чисто место за поклонување кое муслиманите главно го користат за молитва и обожување.



АЛЛАХ НА АРАПСКИ



МУСЛИМАН СЕ МОЛИ НА АЛЛАХ (Вистинскиот Бог)



БЛАГОРОДНИОТ КУРАН



МУХАМЕД НА АРАПСКИ

# Сведоштвото на верата
## (Преминот кон исламот)

**„Сведочам дека нема друг вистински бог освен Аллах, и сведочам дека е Мухамед Пратеникот на Аллах.“**

На арапски тоа звучи вака:

أَشْهَدُ أَنْ لَا إِلَٰهَ إِلَّا ٱللَّٰهُ وَأَشْهَدُ أَنَّ مُحَمَّدًا رَسُولُ ٱللَّٰهِ

**ЕШ-ХЕДУ ЕН ЛА ИЛАХЕ ИЛЛАЛЛАХ, ВЕ ЕШ-ХЕДУ ЕННЕ МУХАММЕДЕН РЕСУЛУЛЛАХ**

Ова е сведоштво на верата кое некој треба да го изговори за да го прифати исламот; тоа ја сумира вистината, убавината и едноставноста на исламот.

# Дали сте љубопитни?

Доколку сте љубопитни и заинтересирани да откриете повеќе информации за исламот, ве молиме да ја посетите нашата веб страница:

**www.belig.mk**




GLOBAL ACADEMY FOR TRANSLATION AND EDUCATION (GATE)
LONDON | THE UNITED KINGDOM

كتاب أبجديات الإسلام باللغة المقدونية